## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 147 став (8) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11 и 55/12), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕЛАБОРАТОТ КОЈ Е СОДРЖАН ВО БАРАЊЕТО ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ОЗНАКА ЗА ПОТЕКЛО ИЛИ ГЕОГРАФСКА ОЗНАКА (*)

*Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр.1898/2006 од 14 декември 2006 год.со која се утврдуваат правилата за спроведување на Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 510/2006 за заштита на геогафски ознаки и ознаки на потекло на земјоделските и прехранбените производи, CELEX бр. 32006R1898

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на елаборатот кој е содржан во барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака.

**Член 2**

(1) Елаборатот кој е содржан во барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака се поднесува во писмена и електронска форма на образец со А4 формат во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на елаборатот од став (1) на овој член содржи:

а) Назив на земјоделскиот или прехранбениот производ;

б) Видот на ознаката за која се бара регистрација;

в) Назив на групата на производители која го поднесува елаборатот;

г) Податоци за производот:

- категорија;

- опис на земјоделски или прехранбени производи (физички, хемиски, микробиолошки или органолептички карактеристики);

- опис на суровинскиот материјал (физички, хемиски, микробиолошки или органолептички карактеристики);

- опис на методот и фазите на производство кои се одвиваат во одредено географско подрачје;

- опис на посебните методи на производство кои се однесуваат на сечење, мелење, пакување, означување и сл.

д) Докази;

- за набавувачот, количеството и потеклото на сите примени количини суровини и/или производи;

- за примателот, количината и дестинацијата на обезбедените производи; и

- за врската помеѓу секоја влезна и излезна група.

ѓ) Дефинирање на географското подрачје;

е) Поврзаноста на производот со географското подрачје;

- карактеристики на географското подрачје;

- карактеристики на производот од географското подрачје;

- врската помеѓу одредено географско подрачје и карактеристики на производот, за ознака на потекло и

- врската помеѓу одредено географско подрачје и карактеристики на производот, за географска ознака.

ж) Назив и адреса на овластените тела кои ја верифицираат соодветноста на производот со елаборатот

- Датум и место на изработка и потпис на подносителот.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-7742/3
23 јули 2012 година
Скопје

Министер за земјоделство
шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

# Елаборат кој е содржан во барањето за регистрација на ознака за потекло или географска ознака

а) Назив на земјоделскиот или прехранбениот производ (*називот да е на македонски јазик, а по барање може да е и на друг јазик*):

| |
|---|
| |

б) Видот на ознаката за која се бара регистрација (*да се обележи со* X):

☐ Ознака на потекло    ☐ Географска ознака

в) Назив на групата на производители која го поднесува барањето:

| |
|---|
| |

г) Податоци за производот:

| |
|---|
| Категорија на производот: |
| |
| Опис на земјоделски или прехранбени производи (физички, хемиски, микробиолошки или органолептички карактеристики): |
| |
| Опис на суровински материјал (физички, хемиски, микробиолошки или органолептички карактеристики): |
| |
| Опис на методот и фазите на производство кои се одвиваат во одредено географско подрачје: |
| |
| Опис на посебните методи на производство кои се однесуваат на сечење, мелење, пакување, означување и сл.: |
| |

д) Докази :

| |
|---|
| за набавувачот, количеството и потеклото на сите примени количини суровини и/или производи: |
| |
| за примателот, количината и дестинацијата на обезбедените производи: |
| |
| за врската помеѓу секоја влезна и излезна група: |
| |

ѓ) Дефинирање на географското подрачје:

| |
|---|
| |

е) Поврзаност на производот со географското подрачје:

| |
|---|
| Карактеристики на географското подрачје: |
| |
| Карактеристики на производот од географското подрачје: |
| |
| Врската помеѓу одредено географско подрачје и карактеристики на производот, за ознака на потекло: |
| |
| Врската помеѓу географското подрачје и карактеристики на производот, за географска ознака: |
| |

ж) Назив и адреса на овластените тела кои ја верифицираат соодветноста на производот со елаборатот:

| |
|---|
| |

Датум и место на изработка

Изработил
(*целосен назив и потпис*)

____________________________ ________________________